Напишано од Фатма Бајрам
Вторник, 02 Јули 2013 09:27 -



НУУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола и почесниот конзулат на Република Хрватска во Р.Македонија – Битола  на ден 06.06.2013 година организираа трибина со Хрватскиот амбасадор Златко Крамариќ посветена на влезот на Хрватска во Европската унија. Амбасадорот Крамариќ истакна дека влезот на Хрватска во Европската унија е значаен за неговата држава, но и за државите од Западен Балкан, посебно за Република Македонија.

- Со влезот во Европската унија, Република Хрватска ќе биде продолжена рака на Брисел која низ партнерски односи ќе и помага на Република Македонија во процесот на евроинтеграциите. Со оглед дека меѓу двете држави нема отворени политички прашања, непречено можеме да се посветиме на стопанските, научните и културните врски и соработка. Со влезот на Хрватска во ЕУ, Македонија добива пријател и глас повеќе во процесот за добивање датум за преговори и во таа смисла може да порачам дека дијалогот е секогаш подобар облик на комуницирање од монологот, рече Крамариќ.

На трибината посветена на влезот на Хрватска во Европската унија и историските врски меѓу Хрватска и Македонија, амбасадорот Крамариќ потсети на значајните личности од двете држави кои оставиле белег во минатото и нагласи дека очекува еден ден една улица во македонски град да биде именувана со името на хрватскиот хуманист и покровител на науката Јосип Јурај Штросмаер кој го објави Зборникот на браќата Миладиновци.